


**КОН ТРИЈАЗИЧНАТА СТИХОЗБИРКАТА „ДОЖДОТ“**

***Неодамна, во издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје од печат излезе тријазичната стихозбирка под наслов „Дождот“ на Изабел Катин Скатоца од Рим. Делото е напишано на трите јазици со кои Изабел комуницира во нејзиниот секојдневен живот: италијански,македонски и англиски. Стихозбирката „Дождот“ беше промовиранана 44-те традиционални „Илинденски исленичките средби“ во печалбарското Љубојно, во Долна Преспа.***

Изабел Катин Скатоца е прва рожба на Дафинка и Џампаоло, како и втора внука на Нада и Славе Катин и прва внука на Умберто и Лаура Скатоц. Таа е родена на 26.01.2006 година во Торонто, Канада, каде живееше девет години. Во 2015 година, во пресрет на уште еден предизвик се пресели во Рим, Италија каде сега живее со нејзината фамилија и посетува средно гимназиско училиште.

Изабел има пријатели од скоро секое ќоше на светот и преку нив таа продолжува да учи и да го развива своето разбирање за различни култури и верувања. Но, она што најверојатно е најкарактеристично за Изабел е нејзиното убедување дека – како што таа рече кога имаше шест години:

„...сите луѓе се добри,

но понекогаш прават грешки“.

Оваа изненадувачки длабока мисла дава надеж дека нејзината генерација и оние по нив ќе постигнат повисок степен на свест и хармонија отколку од предходните.






Нејзината стихозбирка „Дождот“ е напишана на трите јазици со кои Изабел комуницира во нејзиниот секојдневен живот: англиски, македонски и италијански. Исто така, таа течно зборува и француски јазик По нејзино барање нејзината прва книга се промовира во Љубојно на 2-ри Август 2017 година, на големиот македонски национален празник Илинден. На овој празник Изабел и нејзиното семејство скоро секоја година доаѓа од Рим за да се радуваат на средбите за Илинден.

На средбите, пред голем број присутни, особено ученици за стихозбирка „Дождот“ зборуваа Болјана Лубаровска и Славе Катин, а се обрати на македонски и авторката Изабел Катин Скатоца.

Инаку, подготовката и печатењето на стихозбирката го направија нејзините дедо Славе Катин и баба Наде, како во знак на искрена поддршка и верба во нејзиниот креативен исказ. Но, уште повеќе, оваа книга е поклон полн љубов. Стихозбирката „Дождот“ е ексклузивно издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје и на уредникот Славе Катин

Стихозбирката „Дождот“ е израз на нејзината љубов кон пишаниот збор.Таа содржи текстови на трите јазици во кои се дадени опширни податоци за авторката, а во продолжение се поместени 50 детски песни. Песните се огледало на нејзините детски способности, погледи, љубов и дарба. Тие се напишани на лесен и разбирлив стил преку кои таа го изразува своето познавање на трите јазици што ги зборува, потоа љубовта кон природата, кон лугето на целиот свет, а особено доаѓа до израз почитта кон нејзините три татковини: Канада, Италија и Македонија.

Инаку, покрај стихозбирката „Дождот“ прво нејзино дело е сликовницата насловено „Изабел“, која е огледало на нејзините детски способности и дарба за цртање, љубовта кон боите и хартијата, како секое дете до шестгодишна возраст. Така, Изабел уште од малечка започна да црта, да твори и преку цртежот да ги развива нејзините животни имагинации, љубовта кон семејството и хуманизмот кон сите луѓе во светот. Сликовницата „Изабел Катин Скатоца“ во  2012, година, како публикација на издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје на 64 страници на Македонски, италијански и англиски јазик.

Но, како одминуваа детските години Изабел започна да чита, да има љубов кон пишаниот збот и да ги практицира трите  јазици: македонскиот, италијанскиот, англискиот, а да учи и француски и кинески јазик.

Како резултат на таа силна љубов кон книгата, таа започна да пишува поезија. Најнапред на англиски, во периодот кога живееше во Торонто, но се чини „скокот“ во создавање поетски творби го направи во Рим, кај Колосеумот каде живее, таму ги доби инспирациите да пишува на италијански, а со доаѓањата во Македонија, особено посетите на Скопје, Охрид, Виница и Љубојно, каде стекна бројни пријатели кои и’ дадоја поттик да пишува и на македонски јазик.

Затоа, стихозбирката „Дождот“ е ексклузивно издание на Издавачката куќа „Македонска искра“ и е во знак на искрена поддршка и верба во нејзиниот креативен исказ и љубов кон пишаниот збор во нејзините идни перспективи.

Инаку, Нада и Славе Николовски-Катин имаат две деца: Синот Александар, (Алек- кој го носи името на прадедото Алексо- Алек) роден во Скопје на 10 април 1974 година,

доктор по ветеринарна медицина - ДВМ и ќерката Дафинка,(која го носи името на пра-пра бабата Дафина) родена во Штип на 19 јуни 1975, професор по англиски, шпански и македонски јазик. Александар е женет со Радмила Николовска, родена Чрчева, во Гостивар во 1974 година, доктор по ветеринарни науки. Тие имаат три ќерки: Сандра, Костадина (Дина) и најмалата – петгодишната Надја.

Сандра Николовска - Катин, е прва рожба на Радмила и Александар, како и прва внука и голема љубов на Нада и Славе Николовски - Катин и на Дивна и Дино Чрчеви. Таа е родена во Скопје на 23  априлл 2003 година и го носи името на покојната мајка на Славе Катин. На нејзиниот шести роденден Катин објави пригодна монографија со цртежи што таа ги направи во градинката и фотографии од нејзиното  детство кога Сандра ја напушти Детската градинка „Раде Јовчевски-Корчагин„  и го започна своето школување како првоодделенче, живот исполнет со љубов, радост и детски игри. Тоа е периодот кога ќе го започне своето школување како првоодделенче.

Ова дело на Сандра е исполнето со многу мигови од детското слободно време, со многу радост, како и со петки на рачињата, со милувања и бакнежи. Тоа претставува еден траен белег на нејзината силна љубов кон книгата, моливот, фломастерот, бојата...


ДИНА (КОСТАДИНА)
НИКОЛОВСКА - КАТИН
6ТИ РОДЕНДЕН


Massimo Katin
Scatozza



**Пишува:ДУШАН РИСТЕВСКИ**